1
Препушти им се на пламените

Од последните две недели не паметам речиси ништо. Само дамки од денови што ми се растворааат под ударите на непрекинатиот есенски дожд. Не измина многу време од периодот кога како бесно куче брзав за да стигнам до крајниот рок за научно-популарното списание. Во моите најголеми грижи спаѓаше проверката на фактите, уредувањето на туѓите текстови и напорите да не го потиснувам стресот со слатки работи или со импулсивно купување глупости на интернет.

Потоа ми се случи телефонски повик на кој ми се обратија со „Ема Бжезинова?“.

Тешко би можела да си замислам полош почеток на разговор. Пријателите ќе ви подвикнат со прекарот или само со името без презимето, семејството исто така. Од финансиската инспекција ќе ве наречат уште и „госпоѓо“. Но кога некој ќе го извлече целото, прецизно артикулирано име и презиме, секогаш е најдобро веднаш да седнеш.

Логично, врз мене в миг се истурија катастрофални сценарија: Ми изгорел станот? Му се случило нешто на Карел? Ме избркале од работа затоа што хартија веќе никој не купува, а електронската верзија веќе не се плаќа? Паниката почна да ми ја кине утробата на парчиња. Чекањето на возвратна реплика од другата страна се одолжуваше и сфатив дека не дишам од напнатост... А потоа од мобилниот го дознав она најлошото...

Умрела мајка ми.

Следните работи едноставно се случуваа. Врз нив немав никакво влијание ниту бев свесна за нив. Настапи плачот, одбивањето да се прифати вистината, гневот.

Сето тоа го смирија лековите. Многу спиев, а кога бев будна, бев на такви дози седативи што ме спречуваа да се распаднам.

Деновите доаѓаа и заминуваа.

Првин само лежев, потоа седев и шетав во круг.

Потоа забележав дека сум опкружена со темни тапети. Зјапам во површината на масивната дрвена маса и во старомодната витрина полна со урни.

Потоа повторно многу спиев. Кремацијата се случи, тоа е приближно единственото што за неа со сигурност можам да го кажам. Ми се слеа во бескрајниот прилив на изразувања сочувство, кои звучеа како фотокопирани. Раце, сочувство, тажен поглед. Матно се сеќавам само на неколку познати лица на соседите од улицата, на таткото на Филип, Јирка, кого од мали го викавме чичко, иако не ни беше роднина, и неговата жена, на чиешто име веќе не можам да се сетам.

Сè средуваше Карел и искрено не можам да разберам како е можно да не напушти веднаш руина од мојот калибар. Навистина, свршени сме, но да се преплива толку огромно море од бунило, потребна е вистинска издржливост...

Освен тоа, веста за смртта на мајка ми го шокира и него речиси исто како мене – впрочем, за сето време што бевме заедно, јас му тврдев дека двајцата мои родители се одамна мртви.

Пред да се случи ова, беше доволно учтив за да не се распрашува околу деталите, но сега ми е јасно дека му ги должам и дека ни претстои најмалку еден непријатен разговор.

На состанокот со правникот при решавањето на оставината веќе бев под помала доза на апчиња, така што од овој состанок паметам дека мајка ми ми ја оставила куќата и сè во неа. Јас сум последниот жив член од семејството.

Нема никакви браќа, сестри, внучиња.

Ништо.

Само јас.

Многу денови само скитав низ нашиот стан под наем, додека Карел се трудеше да ме натера да примам барем малку храна и течности. Ми кажа дека одвреме-навреме оди во мојата нова куќа и ја подготвува за моето враќање.

Сега стојам пред вратата на која некој ги заковал бројките 67, а Карел нешто ми зборува.

„Што?“ му возвраќам со мижуркање.

„Колку долго не си била овде“, повторува. На лицето има одвај забележителна насмевка.

„Со години.“

Ги стиска усните и ме погалува по рамото. „Подготвена си?“

„Не“, го вртам клучот во бравата и влегувам внатре.

Добредојде ми посакува познатата смрдеа од готвењето на мајка ми – главно маслото, кое првин го затна аспираторот, а потоа спокојно почна да се впива во ѕидовите. Тоа се случи уште во времето кога живеев овде, а со годините ништо не се променило. На некој свој начин ме фаќа носталгија од таа препржена прегратка. Но заедно со неа доаѓаат и спомените, на кои ни приближно не сум подготвена. Замижувам, се обидувам овој да го издишам психички атак, а потоа в прегратка ме стиска Карел. Ме држи додека не ми стане подобро и немам сила да ги направам наредните чекори напред. На приземјето како да застанало

времето. Кујната и натаму е во окер боја. На ѕидовите висат евтини врамени мачканици, поскоро евтин декор одошто уметност. Клупата и столовите до трпезариската маса се излупени – со својата состојба, сепак, соодветствуваат на остатокот од ентериерот.

Трпезаријата е како ходник и низ вратата отспротива се влегува во дневната. Таму на подот има килим со нитки доволно високи за да се изгуби мачка во него. Ѕидовите се ментол зелени и до нив се наредени гломазни шкафови од темно дрво. Внатре има стакло и керамика. Ништо од тоа нема вредност, но на светлината блеска и остава впечаток.

Се испружувам на каучот и некое време гледам во сликата со есенски пејзаж, кој ми го нуди глетката на ѕидот отспротива. Не можам да го спречам чувството дека по моето бегство мајка ми едноставно немала сила да ме бара. И токму поради тоа немање сила, не се зафатила со никакви промени. Иако, можеби ништо не менувала само затоа што оваа состојба, оваа смеса од мебел е амалгам на спомените. Боите, сликите, мебелот – со сето тоа овде се поврзува дел од нашето минато, а ако почнела тоа да го менува, ќе се скинела пајажината. Сепак, не можам да се ослободам ниту од чувството дека овде сум натрапник. Ова не е мој дом, јас не сум си го уредила по свој вкус. Ентериерот е одраз на некој друг. Но не се доживувам ниту како гостин. Додека била овде мајка ми, куќата го имала барем тоа последно парче душа. Сега, кога таа не е овде, се изгубило од просторијата тоа нешто благодарение на што можеш да се чувствуваш добро под покривот. Ми се стиска грлото.

Паничниот напад се урива врз мене и ме притиска подлабоко во каучот.

Мама е мртва. Мама е мртва. Мама...

Си го гризнувам јазикот.

Многу силно.

Дури до крв.

Во текот на тие недели кога бев сосема уништена, создадов некои вештини за бркање на очајот. Спиралата мора да се скине, оти во спротивно врз неа ќе се излизгаш толку длабоко што веќе нема да има помош за тебе. А болката е најдобра за тоа. На почетокот си ги гризев усните, но најпосле морам да признаам дека крвавиот јазик ја има предноста дека се гледа. Во устата ми се разлева добро познатиот метален вкус на крвта, која се навикнав да ја доживувам како поттик за да се натерам да се соземам.

„Горе"... ја почнува реченицата Карел.

„Горе засега не одам", го прекинувам.

Успевам да прозборам.

Успевам.

Кимнува и ме прашува дали сакам кафе.

„Зависи од тоа дали мислиш кафе, или онаа растворена помија", ги отворам очите и му се насмевнувам. Во оваа куќа ништо слично на кафе никогаш не се пиеше.

„Нема да те лажам", вели Карел и преминува во кујната. „Инстант кафето беше она првото што го фрлив." Го отвора висечкото шкафче над работната маса, вади од него кесичка и со насмевка ја затресува за да го слушнам добро познатиот звук на зрната кафе. Ги спојувам пред себе прстите на обете дланки во форма на срце и му праќам бакнеж.

Ми намигнува, потоа некое време меле, го подготвува бокалчето и најсетне ги подготвува и шолјите. Неколку минути потоа седи во фотељата спроти мене. Смрдеата на маслото, која веќе престанав да ја регистрирам, ја прекри мирисот на нашите заеднички утра и попладнија. Првиот мирис на дом. Шолјата со кафето ја држам со двете раце за малку да се стоплам. Некое време е тишина. Двајцата смирено пиеме и ја